# ОПШТИ УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПЛАТФОРМАТА DIVNA

Digital Intelligence Virtual Next-gen Accounting

Издадено од: Финкап Технолоџи ДООЕЛ, ул. Партизанска бр.7, Кавадарци

ЕМБС: 7696930 | ЕДБ: MK4011023522752

Застапуван од: Тони Пешиќ, Управител

Верзија: 1.0 | Датум на важење: 01.05.2026 | Достапно на: www.divna.mk/mk/terms

## ПРЕАМБУЛА

Овие Општи услови за користење ("Услови") го уредуваат правниот однос помеѓу Финкап Технолоџи ДООЕЛ ("Финкап" или "Давател") и секое физичко или правно лице кое пристапува или го користи системот DIVNA ("Корисник").

DIVNA е AI-базирана дигитална платформа за автоматско препознавање, обработка и книжење на деловна документација.

**СО РЕГИСТРАЦИЈАТА, АКТИВАЦИЈАТА НА СМЕТКАТА ИЛИ ПОЧЕТОКОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА DIVNA, КОРИСНИКОТ ПОТВРДУВА ДЕКА ГИ ПРОЧИТАЛ, РАЗБРАЛ И БЕЗУСЛОВНО ГИ ПРИФАТИЛ ОВИЕ УСЛОВИ.** Ако не се согласува, не смее да го користи системот.

Член 1. Дефиниции

1.1. **"Платформа DIVNA"** - дигиталниот SaaS систем достапен преку www.divna.mk и/или интегриран API, со сите модули, функционалности и ажурирања.

1.2. **"Корисник"** - секое физичко или правно лице кое креира корисничка сметка или пристапува до Платформата на кој и да е начин.

1.3. **"Документ"** - секоја обработена страна или документ во Платформата (влезна фактура, извод, плата, излезна фактура и сл.) - основна единица за наплата.

1.4. **"Промотивен период"** - времетраење утврдено во Член 6, за кое важи намалена/фиксна цена.

1.5. **"Корисничка сметка"** - личниот профил на Корисникот во DIVNA, заштитен со корисничко име и лозинка.

1.6. **"Лични податоци"** - секоја информација со која може да се идентификува физичко лице, согласно ЗЗЛП (Сл.весник на РСМ бр.42/20).

Член 2. Предмет

2.1. Финкап му доделува на Корисникот неексклузивна, непреносива лиценца за пристап и користење на Платформата DIVNA исклучиво за сопствени деловни потреби, во согласност со овие Услови.

2.2. Лиценцата опфаќа пристап до сите функционалности достапни во рамките на избраниот пакет, независно од бројот на уреди.

2.3. Финкап го задржува правото да го менува опсегот на функционалностите, за што Корисникот ќе биде навремено известен.

Член 3. Регистрација и корисничка сметка

3.1. Користењето на Платформата бара претходна регистрација и создавање на корисничка сметка.

3.2. При регистрацијата Корисникот е должен да ги достави точните деловни податоци: назив на фирма, ЕМБС, ЕДБ, адреса, contact лице и е-маил за прием на фактури.

3.3. Корисникот е одговорен за сите активности извршени под неговата сметка. Лозинката е доверлива и не смее да се споделува.

3.4. Со завршување на регистрацијата, Корисникот изречно потврдува дека ги прифаќа овие Услови во целост, без резерви. Ова е еквивалентно на потпис на договор.

3.5. Финкап го задржува правото да го одбие или суспендира пристапот на кој и да е Корисник кој дава неточни податоци или ги прекршува Условите.

Член 4. Обврски на Финкап

4.1. Финкап се обврзува да обезбеди функционален пристап до Платформата со достапност **>= 99%** на месечна основа (**SLA**), исклучувајќи планирано одржување.

4.2. Финкап ги чува доверливи сите документи и податоци внесени од Корисникот.

4.3. Финкап обезбедува редовни ажурирања и безбедносни надградби на Платформата.

4.4. Финкап обезбедува техничка поддршка преку е-маил (support@divna.mk) во работни денови 09:00-17:00.

4.5. Финкап го известува Корисникот за планирано одржување најмалку 24 часа однапред.

Член 5. Обврски на Корисникот

5.1. Корисникот се обврзува да го користи DIVNA исклучиво за законски и деловни цели.

5.2. Корисникот нема право да: (a) репродуцира, дистрибуира или препродава Платформата; (b) врши reverse engineering; (c) внесува злонамерни содржини; (d) споделува пристап со трети лица надвор од сопствената организација.

5.3. Корисникот е одговорен за точноста и уредноста на документите кои ги внесува.

5.4. Корисникот мора навремено да ги ажурира своите деловни и контакт податоци, особено е-маил адресата за прием на фактури.

Член 6. Цена и наплата

6.1. Користењето на Платформата DIVNA се наплатува по обработен документ/страна, согласно важечкиот ценовник на www.divna.mk. Сите цени се изразени без ДДВ. На истите се

додава ДДВ по стапка од 18%, согласно Законот за данокот на додадена вредност, бидејќи Финкап е регистриран ДДВ обврзник.

6.2. Промотивен период: Корисниците активирани во рамките на промотивната кампања за првите 100 клиенти добиваат фиксна цена утврдена во потврдата за активација, во траење од шест (6) месеци.

6.3. По истекот на промотивниот период, наплатата продолжува согласно важечкиот ценовник на www.divna.mk. За секоја промена на ценовникот, Финкап ги известува активните Корисници најмалку 30 дена перед стапување на сила на новите цени, на регистрираниот е-маил.

6.4. Корисникот на лиценца врши уплата однапред за избраниот пакет/кредити. Финкап Технолоџи ДООЕЛ Кавадарци издава фактура по приемот на уплатата, а користењето на апликацијата е овозможено само до истекот на претплатениот период или потрошувачката на кредити.

6.5. Уплатата се врши на: Финкап Технолоџи ДООЕЛ (ЕМБС: 7696930, ЕДБ: MK4011023522752), трансакциска сметка 210-0769693001-57 во НЛБ Банка АД Скопје, или со друг начин утврден на фактурата.

6.6. Во исклучителни случаи кога Корисникот користи функционалности кои создаваат технички долг (на пр. overshoot на кредити) или кога наплатата за пакетот е неуспешна по веќе овозможен пристап, и се појави задоцнување во плаќањето на таков долг, Финкап го задржува правото: (а) да пресмета **законска казнена камата** согласно чл. 266 од Законот за облигациони односи, по стапка еднаква на референтната стапка на НБРМ зголемена за 8 процентни поени; (б) **привремено да го суспендира пристапот** до Платформата.

6.7. Корисникот со прифаќањето на овие Услови дава изречна согласност за примање на фактури во електронска форма. Фактурата се доставува во PDF формат на регистрираната е-маил адреса и/или преку системот за е-фактури на УЈП (е-фактура.ujp.gov.mk), во зависност од законските барања кои се во сила. Фактурата испратена на регистрираната е-маил адреса се смета за уредно доставена.

Член 7. Времетраење и раскинување

7.1. Овие Услови стапуваат на сила со регистрацијата и важат додека Корисникот ја користи Платформата.

7.2. Корисникот може да го раскине пристапот во секое време со писмено известување на support@divna.mk. Во случај на раскинување на барање на Корисникот, претходно уплатените средства/кредити се неповратни. Сите доспеани обврски до датумот на раскинување остануваат.

7.3. Финкап може еднострано да го прекине пристапот без претходно известување при: (а) повреда на Условите; (б) Неплаќање или неактивирање на нов претплатен пакет по истекот на претходниот период или исцрпување на кредитите, по што следи суспензија на пристапот; (с) сомнеж за злоупотреба.

7.4. По раскинување, Корисникот ги губи правата на пристап. На барање, Финкап му ги обезбедува записите на Корисникот во рок од 30 дена.

7.5. Корисници кои се физички лица (потрошувачи) го задржуваат правото на откажување во рок од 14 дена од датумот на активација на сметката, без образложение, согласно Законот за

заштита на потрошувачите. Правото на откажување се губи кога услугата е целосно извршена или кога Корисникот изречно се откажал од ова право.

Член 8. Интелектуална сопственост

8.1. Платформата DIVNA, вклучувајќи го изворниот код, дизајнот, алгоритмите и документацијата, е ексклузивна сопственост на Финкап.

8.2. Овие Услови не пренесуваат никакви права на интелектуална сопственост на Корисникот - само ограничена лиценца за користење согласно Член 2.

8.3. Корисникот ги задржува правата на сопственост врз документите и деловните податоци кои ги внесува.

Член 9. Доверливост

9.1. Двете страни се обврзуваат да ги чуваат доверливи сите информации и деловни тајни добиени преку употребата на Платформата.

9.2. Финкап не ги користи документите и податоците на Корисникот за цели различни од обезбедување на услугата.

9.3. Обврската за доверливост важи три (3) години по раскинување на односот.

Член 10. Заштита на лични податоци

10.1. Финкап ги обработува личните податоци на Корисникот исклучиво за обезбедување на услугата, фактурирање и поддршка, согласно ЗЗЛП и GDPR. Правна основа за обработка: (а) извршување на договор (чл.12 ст.1 т.2 ЗЗЛП); (б) законска обврска - чување сметководствена документација согласно Законот за сметководство (чл.12 ст.1 т.3 ЗЗЛП); (в) легитимен интерес за безбедност на системот (чл.12 ст.1 т.6 ЗЗЛП).

10.2. Применети безбедносни мерки: AES-256 (data at rest), TLS 1.3 (data in transit), 2FA автентикација, ISO 27001 дата-центри во ЕУ.

10.3. Под-обработувачи: OpenAI LLC (AI), Anthropic PBC (AI), Google LLC (AI + автентикација), Hetzner GmbH (сервер), Supabase Inc. (база на податоци). Трансферот на податоци кон под-обработувачите во САД се врши врз основа на EU-US Data support Framework, Адекватност на заштитата и/или Стандардни Договорни Клаузули (SCC) одобрени од Европската Комисија, согласно чл.49 од ЗЗЛП.

10.4. Права на субјектите: Корисникот и другите субјекти чии податоци се обработуваат ги имаат следните права согласно Глава 3 од ЗЗЛП (Сл.весник на РСМ бр.42/20): право на пристап (чл.16), право на исправка (чл.17), право на бришење (чл.18), право на ограничување на обработката (чл.19), право на преносливост на податоци (чл.20), право на приговор (чл.21), како и право на приговор до Агенцијата за заштита на личните податоци (АЗЛП). Барањата се испраќаат на: support@divna.mk.

10.5. Период на чување: Деловните податоци и документи се чуваат 10 години согласно Законот за сметководство. Кориснички сметки и логови се чуваат 3 години по раскинување. По истекот на рокот, податоците се бришат или анонимизираат.

10.6. Во случај на безбедносен инцидент: Корисникот се известува во рок од 24 часа, а АЗЛП во рок од 72 часа.

10.7. За целите на автоматско препознавање и книжење, документите на Корисникот се обработуваат преку AI модели на трети лица (наведени во 10.3). Финкап има склучено договори за обработка на податоци (DPA) со сите провајдери, кои забрануваат користење на податоците за тренирање на модели или за цели различни од обезбедување на услугата. AI моделите не ги задржуваат податоците по завршување на обработката.

Член 11. Ограничување на одговорноста

11.1. Платформата DIVNA се обезбедува **"каква-што-е" (as-is)**. Финкап не гарантира апсолутна точност. **Корисникот ја задржува одговорноста за финална верификација на книжењата**.

11.2. Финкап не одговара за штети поради: прекин на интернет, неточни влезни документи или форс мажор. Форс мажор е настан надвор од разумна контрола на страната, вклучувајќи: природни катастрофи, воени дејства, цибер напади на критична инфраструктура, законски забрани, прекин на интернет инфраструктура од страна на трети лица.

11.3. Максималната одговорност на Финкап е ограничена на вкупниот износ платен од Корисникот во **последните 3 месеци** пред настанатата штета.

Член 12. Измени на Условите

12.1. Финкап го задржува правото да ги измени овие Услови. За суштинска промена, Корисникот ќе биде известен на регистрираниот е-маил најмалку 15 дена пред стапување на сила.

12.2. Продолжувањето на користењето по стапувањето на сила на новите Услови значи прифаќање на истите.

12.3. Ако Корисникот не се согласува, може да го раскине пристапот согласно Член 7.2.

Член 13. Решавање на спорови

13.1. Страните ќе се обидат да ги решат сите спорови спогодбено, во рок од 15 работни дена. За спорови со потрошувачи (физички лица), постои можност за вонсудско решавање согласно Законот за вонсудско решавање на потрошувачки спорови.

13.2. Доколку спорот не се реши спогодбено, надлежен е Основниот суд Кавадарци.

13.3. За сè неуредено со овие Услови, се применуваат законите на Република Северна Македонија.

Член 14. Завршни одредби

14.1. Овие Услови го претставуваат целосниот правен однос помеѓу Финкап и Корисникот во однос на употребата на Платформата DIVNA.

14.2. Ако некоја одредба е прогласена за неважечка, останатите остануваат во полна сила.

14.3. Корисникот не може да ги пренесе правата и обврските на трети лица без писмена согласност на Финкап.

14.4. Официјален јазик: македонски. Верзијата на македонски е меродавна.

**Контакт информации:**


**Финкап Технолоџи ДООЕЛ** | ул. Партизанска бр.7, Кавадарци, Р. Северна Македонија

ЕМБС: 7696930 | ЕДБ: MK4011023522752

Сметка: 210-0769693001-57 | НЛБ Банка АД Скопје

Веб: **www.divna.mk**

Маил: info@divna.mk | Поддршка: support@divna.mk | Приватност: support@divna.mk

Владимир Арсовски: vladimir@divna.mk | 071 252-541

Тони Пешиќ: toni@divna.mk | 070 720-210



***© 2026 Финкап Технолоџи ДООЕЛ. Сите права задржани. Верзија 1.0 - важи од 01.05.2026.***